**30.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Одлуката за давање на согласност**

**на Одлуката бр. 02-642/7 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за прередување на гранитни коцки на територијата**

**на Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на согласност на Одлуката бр. 02-642/7 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3121/16**
**31.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија(„Службен Весник на РМ„ бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање на согласност**

**на Одлуката бр. 02-642/7 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци,донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност Одлуката бр. 02-642/7 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци,донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.08-3027/16**
**30.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на**
**Одлуката за давање на согласност**

**на Одлуката бр. 02-642/6 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици на територијата на Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на согласност на Одлуката бр. 02-642/6 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици на територијата на Општина Кавадарци**донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3121/17**
**31.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ„бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ " бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

### за давање на согласност

### на Одлуката бр. 02-642/6 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици на територијата на Општина Кавадарци,донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

**Член 1**

Се дава согласност Одлуката бр. 02-642/6 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици на територијата на Општина Кавадарци,донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-3027/17**
**30.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Одлуката за давање на согласност**

**на Одлуката бр. 02-642/5 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на согласност на Одлуката бр. 02-642/5 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3121/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ„бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност**

**на Одлуката бр. 02-642/5 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци,донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката бр. 02-642/5 од 21.05.2018 година за усвојување на ценовник за одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци, донесена на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.08-3027/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.05.2018 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Одлуката за давање на согласност**

**на Одлуката бр. 02-615/7 од 10.05.2018 година за изменување на Одлуката за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на согласност на Одлуката бр. 02-615/7 од 10.05.2018 година за изменување на Одлуката за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3121/19** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија(„Службен Весник на РМ„ бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност**

**на Одлуката бр. 02-615/7 од 10.05.2018 година за изменување на Одлуката за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци ,донесена на седница на Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката бр. 02-615/7 од 10.05.2018 година за изменување на Одлуката за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавниот Пазар во Кавадарци, донесена на седница на Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци" .

**Бр.08-3027/19** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.05.2018 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Решение за именување на претставници на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА Решението** за именување на претставници на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци , **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3121/20** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2018 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 17 од Законот за јавни претпријатија("Сл.весник на РМ" бр.38/96,6/02,40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013,41/2014, 25/2015, 61/2015,39/2016,64/18), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.05.2018 година година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на претставници**
**на Општина Кавадарци за членови во**
**Управниот Одбор**
**на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

За Претставници на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци , СЕ ИМЕНУВААТ :

1.Зоран Бањански

2.Стефан Стефанов

3.Снежана Најдовска

4.Горан Кузмановски

5.Александар Мукаетов

**Член 2**

Мандатот на претставниците на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на ЈП Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, трае 4 години.

**Член 3**

Решението да се достави до именованите и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила со денот на донесувањто, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3027/20**
**30.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Решение за именување на претставници**
**на Општина Кавадарци за членови во**
**Надзорниот Одбор за контрола на материјално финансиско работење**
**на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ**
**КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА Решението** за именување на претставници на Општина Кавадарци за членови во Надзорниот Одбор за контрола на материјално финансиско работењена Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, **донесено на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3121/21**
**31.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 26 од Законот за јавни претпријатија(“Сл.весник на РМ” бр.38/96,6/02,40/03,49/06,22/07, 83/09, 97/2010, 6/2012, 119/2013,41/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/18), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 82 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на претставници**
**на Општина Кавадарци за членови во**
**Надзорниот Одбор за контрола на материјално финансиско работење**
**на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ**
**КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

**Член 1**

За Претставници на Општина Кавадарци за членови во Надзорниот Одбор за контрола на материјално финансиско работење на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци
СЕ ИМЕНУВААТ :

1.Костадин Младенов;

2.Ќиро Јосифов;

3.Сашко Тодоров;

4.Горан **Ѓорѓијоски**;

5.Емилија Шкартова;

**Член 2**

Мандатот на претставниците на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално финансиско работење на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, трае 4 години.

**Член 3**

Решението да се достави до именованите и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решението влегува во сила со денот на донесувањто, а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-3027/21** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **30.05.2018 година** | **Претседател,** |
| **К а в а д а р ц и** | **Ристо Сакалиев** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Одлуката за превземање на правото на сопственост, користење и располагање со опрема и материјали за јавно осветлување без надомест од КМГ ЕОЛ КВАЗАР Скопје**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за превземање на правото на сопственост, користење и располагање со опрема и материјали за јавно осветлување без надомест од КМГ ЕОЛ КВАЗАР Скопје, **донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3121/22**
**31.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05) а во врска со Записник за примопредавање и пренос на правото на сопственост , користење и управување на светлечките тела и на други составни делови на јавното осветлување, со арх.бр. 09-1285/5 од 28.05.2018година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**За преземање на правото на сопственост, користење и располагање со опрема и материјали за јавно осветлување без надомест од КМГ ЕОЛ КВАЗАР Скопје**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци го презема правото на сопственост, користење и располагање на светлечки тела (материјали) и опрема за јавно осветлување, без надомест од КМГ ЕОЛ КВАЗАР Скопје и тоа:

| рб | опис | единечна мерка | количина | единечна вредност | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Залиха на материјали за јавно осветлување | | | | |
| 1 | Светлечки тела во заштитни топки | парче | 244 | 1.500 | 366.000 |
| 2 | HP лед светилки од 24W (140lm/W) | парче | 83 | 6.000 | 498.000 |
| 3 | Лед светилки од 30W (90lm/W) | парче | 1.793 | 5.000 | 8.965.000 |
| 4 | Лед светилки од 60W (90lm/W) | парче | 439 | 7.000 | 3.073.000 |
| 5 | Лед светилки од 80W (90lm/W) | парче | 52 | 8.000 | 416.000 |
| 6 | Лед светилки од 100W (90lm/W) | парче | 103 | 10.000 | 1.030.000 |
| | **Вкупно залиха на материјали** | | | | **14.348.000** |
| 7 | **Разводен ормар** (струјни трансформатори, осигурач склопка, сопствено броило за мерење на потрошената електрична енергија, фото сензор, склопка за автоматско префрлање од ноќен во дневен режим, контактори, автоматски осигурувачи) | парче | 29 | 50.000 | 1.450.000 |
| 8 | **Разводен ормар** (струјни трансформатори, осигурач склопка, сопствено броило за мерење на потрошената електрична енергија со ГСМ платформа, фото сензор, склопка за автоматско префрлање од ноќен во | парче | 1 | 60.000 | 60.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | дневен режим, контактори, автоматски осигурувачи) | | | | |
| | Вкупно опрема | | | | 1.510.000 |
| | Вкупно се | | | | 15.858.000 |

Член 2

Светлечките тела (материјали) и опремата за јавното осветлување, да се евидентираат во деловните книги на Општина Кавадарци.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3027/22**
**30.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Правилник за користење на сопствено возило за службени цели**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Правилникот за користење на сопствено возило за службени цели, **донесен на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3121/23**
**31.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Службен гласник на општина Кавадарци“ број 8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се определуваат:
- условите;
- начинот и
- постапката,

за стекнување на право за користење на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели односно во корист и на терет на општина Кавадарци, како и начинот на надоместување на ова право.

Член 2

Користењето на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели може да се користи по претходно издадено овластување (прилог број 1) од градоначалникот на општината или лице овластено од него.
Користењето на средствата за оваа намена потребно е да се користат наменски и рационално.

## 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

Член 3

Средствата за користење на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели за потребите на општина Кавадарци се обезбедуваат од Буџетот на општината Кавадарци Програма АО – Совет на општина и ЕО Општинска администрација, расходна ставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт потставка 421410 Горива и масла.

## 3. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ

Член 4

Патничко моторно возило во лична сопственост може да се користи за службени цели односно за потребите на општина Кавадарци и тоа:

- кога службеното возило сопственост на општината не е слободно односно истото се користи за други службени цели во земјата и странство;
- кога службените/то возила/о на општината се во не исправна состојба а потребата од службено патување е неодложна;
- кога лицето задолжено за управување со службеното возило (возач) е отсутен од работа (годишен одмор, боледување итн.);
- кога нема на располагање службено возило а постои неодложна потреба од извршување на одредена активност која е поврзана со патување;
- кога службеното патување е поврзано со ноќевање а не е обезбедено ноќевање на службеното лица за управување со возилото (возачот); и други околности.

## 4. ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

Член 5

За користење на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели одлучува градоначалникот на општина Кавадарци или лице овластено од него.
Во услови кога има потреба од користење на патничко моторно возило во лична сопственост на градоначалникот за службени цели односно е во функција и за потребите на општината Кавадарци одлучува Заменик Градоначалник на општината и истото се издава на месечно ниво.
Користењето на патничкото моторно возило во лична сопственост за службени цели започнува по претходно обезбедено овластување.

Член 6

Надоместувањето на користењето на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели односно за потребите на општина Кавадарци се врши во висина на направените реални

трошоци на нафтените деривати за конкретното службено патување но истите не може да бидат повисоки од 30 % (проценти) од цената на нафтениот дериват кој го користи возилото по изминат километар изразено во денари.
Врз основа на вака извршената пресметка за лицата кои го стекнале правото на користење на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели, градоначалникот на општината или лице овластено од него донесува Решение за утврдување на висината на средствата за надоместување на користењето на патничкото моторно возило во лична сопственост за службени цели.
Исплатата се врши преку задолжување на верна картичка за набавка на нафтени деривати од носителот на набавката со кој има склучено договор општина Кавадарци.
При исплата на овој вид на надоместок соодветно се применуваат одредбите на Законот за персонален данок на доход.

Член 7

При секое користење на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели, сопственикот на возилото потребно е да води патен налог (прилог број 2), со јасно наведување на:

- име и презиме на сопственикот на возилото;
- видот и регистарски број на возило;
- релација на движење почеток и крај;
- опис на задачата на службеното патување;
- час на поаѓање и час на враќање,
- број на поминати километри;
- вид на нафтен дериват кој го користи возилото.

Член 8

При раздолжување на искористената верна картичка сопственикот на приватното моторно возило кое било користено за службени цели потребно е да приложи:

- патен налог наведен во член 7 од овој правилник;
- фискална сметка која ја авторизира;
- сметкопотврда/испратница со внесени податоци за возилото во кое се наточени нафтените деривати, количина, цена (регистарски број, марка, вид итн.).

Член 9

Лицата задолжени за водење на благајната и деловните книги постапуваат во согласност со одредбите на Правилникот за начинот и постапката на набавка, задолжување, користење и раздолжување

со верна картичка во општина Кавадарци, притоа изготвувајќи ги потребните извештаи и евидентирајќи ги потребните промени и трансакции во деловните книги.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење сопствено возило за службени цели бр.09-5127/1 од 21.12.2017 година.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3027/23**
**30.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

**Прилог број 1**

## ОБРАЗЕЦ / ОВЛАСТУВАЊЕ
## ЗА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Лицето ___________________________ во својство на __________________ вработен / ................

(име и презиме)

на општина Кавадарци во согласност со одредбите на Правилникот за користење на сопствено возило за службени цели на општина Кавадарци се овластува да користи сопствено возило за службени цели, поради **(СЕ ЗАОКРУЖУВА ЕДЕН ОД УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ)**:

- кога службеното возило сопственост на општината не е слободно односно истото се користи за други службени цели во земјата и странство;
- кога службените/то возила/о на општината се во не исправна состојба а потребата од службено патување е неодложна;
- кога лицето задолжено за управување со службеното возило (возач) е отсутен од работа (годишен одмор, боледување итн.);
- кога нема на располагање службено возило а постои неодложна потреба од извршување на одредена активност која е поврзана со патување;

- кога службеното патување е поврзано со ноќевање а не е обезбедено ноќевање на службеното лица за управување со возилото (возачот); и други околности.

Направените издатоци за користење на патничко моторно возило во лична сопственост за службени цели, корисниците се должни да ги потврдат со уредни и веродостојни документи согласно одредбите на Правилникот за користење на сопствено возило за службени цели , доставувајќи ги до архивата на општина Кавадарци.

**Име и презиме на овластено ли**це од
Градоначалникот на Општина Кавадарци
_______________________________

**Потпис**

______________________________

**Број.________**

**______ 2018 година**

**Кавадарци**

ПРИЛОГ: Број 2 - Налог за користење на патничко моторно возило / сопствено возило

| | | |
|---|---|---|
| ......................................................... **(назив на правниот субјект)** | **Скопје** | ................/ ............../............. год. |
| **Сектор ____** | | Реден број на евиденцијата |

# Налог за користење на сопствено возило

_______________________ (презиме и име на корисникот)

_______________________ (работно место- положба, звање)

_______________ (назив на возилото) _______________ (рег број)

од _______________ (место на поаѓање) до _______________ (место на определување)

_______________________________________________ (опис на работата- службеното дејствие што се врши)

Време на поаѓањето [ ]

Време на враќање [ ]

Состојба на броилото при поаѓање [ ] км.

при враќање [ ] км

Број на поминати километри [ ] км

Вид на нафтен дериват кој се користи [ ]

Заверува/одобрува

_______________ (потпис на возачот/сопственикот) _______________ (потпис на корисникот) _______________ (овластено лице)

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Правилник за користење на средствата за репрезентација во Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за користење на средствата за репрезентација во Општина Кавадарци, **донесен на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-3121/24** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Службен гласник на општина Кавадарци“ број 8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе:

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува:
- обезбедување на средствата за репрезентација;
- видовите на репрезентација
- начинот на користење на средствата за репрезентација;
- овластувањата/правото за користење на средствата за репрезентација;

- одговорноста за наменско користење на средствата, и
- постапката за користење на репрезентацијата во Општина Кавадарци;
- чување на документите и евидентирање на трансакциите во деловните книги.

Член 2

Репрезентација е издаток кој се јавува во текот на редовното работење на општина Кавадарци со цел остварување и одржување на добри деловни односи, одбележување на настани, годишници, празници, семинари, едукации и други настани и активности од интерес за работењето на општината Кавадарци.

Член 3

Под средства за репрезентација се подразбираат издатоците (расходите) кои се направени за набавка на: освежителни пијалаци, алкохолни пијалаци, храна, карти за спортски и културни настани и стоки и услуги за намените утврдени во член 2 од овој правилник.

Член 4

Средствата за репрезентација можат да се користат за намените утврдени со овој Правилник.
Средствата за репрезентација треба да се користат наменски и рационално.

## 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

Член 5

Средствата за репрезентација се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци и тоа:

- Програма **ЕО**, расходна ставка 426 Други тековни расходи потставка 426210 Расходи за репрезентација во износ од 965.000,00денари, и
- Програма **АО**– расходна ставка 426 Други тековни расходи потставка 426210 Расходи за репрезентација во износ од 300.000,00 денари.
- Програма Г1 – расходна ставка 426 Други тековни расходи потставка 426210 Расходи за репрезентација во износ од 800.000,00 денари.

## 3. ВИДОВИ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 6

Репрезентацијата по својата природа се дефинира како:

- Екстерна репрезентација (репрезентација која е направена од овластени лица / лица кои имаат право на репрезентација и истата е направена надвор од просториите на општина Кавадарци а се во рамките на намените утврдени во член 2 од овој правилник);
- Интерна репрезентација (репрезентација која е направена од овластени лица / лица кои имаат право на репрезентација и истата е направена во рамките на просториите на општина Кавадарци а се однесуваат на име кафе, чај, алкохолни и безалкохолни пијалаци и други стоки кои се во рамките на намените утврдени во член 2 од овој правилник).

## 4. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 7

Средствата за репрезентација може да се користат за намените утврдени во член 2 од овој правилник во услови на:

- посета на претставници на државните институции во Република Македонија, како и претставници на општините во Република Македонија;
- посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;
- посета на претставници на странски општини, збратимени општини како и други странски институции на локално ниво со кои Општина Кавадарци започнува, развива и одржува соработка;
- посета на претставници на странски делегации и уреди на странски земји, меѓународни организации и други, претставници на странски амбасади или мисии во Република Македонија;
- посета на странски експерти ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;
- одржување на работни состаноци што ги свикува општина Кавадарци, а се присутни и претставници надвор од општината (инвеститори, коминтенти на општината, конференции за печат, работни состаноци на кои се присутни претставници од други државни органи, даватели или корисници на податоци, работа на проекти и слично);

- работна посета во странски држави за кои што е издаден патен налог за службено патување во странство;
- организирана посета на Единици на локална самоуправа, како и при посета на одредени културни манифестации надвор од Кавадарци за средби со коминтенти, инвеститори, бизнисмени и други;
- други случаи за потребите на Општина Кавадарци (по повод јубилеи, годишнини, празници и друго);
- работни средби за јакнење на капацитетите на членовите на Совет на општина Кавадарци и општинската администрација.

Член 8

Интерна репрезентација (репрезентација која е направена од овластени лица / лица кои имаат право на репрезентација и истата е направена во рамките на просториите на општина Кавадарци а се однесуваат на име кафе, чај, алкохолни и безалкохолни пијалаци и други стоки кои се во рамките на намените утврдени во член 2 од овој правилник), се врши во рамките на просториите на општината Кавадарци, направена од овластени лица и општинската администрација во висина утврдена од страна на Градоначалникот на општината.

## 5. ОВЛАСТУВАЊЕ / ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 9

Право на користење на средства за репрезентација во согласност со овој правилник имаат:

- членовите на Совет на Општина Кавадарци во вкупен износ од 360.000 денари годишно (за сите членови / вкупен износ);
- раководители на Сектор во Општина Кавадарци во вкупен износ 100.000 денари годишно (за сите членови / вкупен износ).

Член 10

За користење на средства за репрезентација согласно намените утврдени во член 2 и условите на користење во член 7 од овој правилник лицата наведени во член 8 од овој правилник пред да пристапат кон користење на репрезентацијата потребно е да обезбедат овластување од лицето овластено од Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Овластувањето за правото на користење на репрезентација преставува составен дел на овој правилник и истиот е во прилог број 1.

## 6. ОДГОВОРНОСТ ЗА НАМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Член 11

Корисниците на средства должни се да постапуваат одговорно и економично при користење на средствата за репрезентација и да се грижат истите да бидат во што е можно помал износ.

## 7. ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Член 12

Направените издатоци за репрезентација корисниците се должни да ги потврдат со уредни и веродостојни документи (испратница, фактура, фискална сметка и сметкопотврда) да изврши нивна авторизација, како и да достават Известување за реализирани издатоци за репрезентација на пропишан образец со податоци за настанот / поводот и бројот на гостите.

Образецот на Известувањето за реализирани издатоци за репрезентација е составен дел на овој правилник и е во прилог број 2 на овој правилник.

Примерок од Образецот за реализирање на средства за репрезентација задолжително се доставува во Архивата на општина Кавадарци.

Член 13

Во случај на користење на средствата за репрезентација спротивно на намената, одредбите на овој правилник и во износи над дозволениот лимит, корисниците и лицата овластени од нив должни се лично да ги надоместат истите, за што соодветно решение донесува Градоначалникот на Општина Кавадарци.

Член 14

Секторот за финансии и буџет врши следење, дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Буџетот и

доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено го известува лицето овластено од Градоначалникот.

## 8. ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ТРАНСАКЦИИТЕ ВО ДЕЛОВНИТЕ КНИГИ

Член 15

Чувањето на документите кои се процесираат во постапката за користење на средства за репрезентација се врши во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Член 16

По приемот на документите од кои може да се констатира дека е извршена набавка на одредена услуга за репрезентација лицето задолжено за ex – ante контрола, врши проверка на приложените документи и доколку истите се во ред ги проследува до лицата кои се одговорни за изготвување на барање за плаќање.

Проверените и потврдени уредни и веродостојни сметководствени документи се доставуваат до одговорниот / овластениот сметководител кој има обврска да ги спроведе потребните трансакции во деловните книги со користење на сметките од соодветниот сметковен план за буџетските корисници.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење на средствата за репрезентација во Општина Кавадарци бр.09-5126/1 од 21.12.2017 година .

Член 18

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник„ на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3027/24**
**30.05.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

**Прилог број 1**

## ОБРАЗЕЦ / ОВЛАСТУВАЊЕ
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Лицето _________________________ во својство на _________________ претставник
(име и презиме)
на општина Кавадарци во согласност со одредбите на Правилникот за користење на средства за репрезентација во општина Кавадарци се овластува да искористи репрезентација во износ од ______ денари, на име **(СЕ ЗАОКРУЖУВА НАМЕНАТА НА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАТА)**:

- посета на претставници на државните институции во Република Македонија, како и претставници на општините во Република Македонија;
- посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;
- посета на претставници на странски општини, збратимени општини како и други странски институции на локално ниво со кои Општина Кавадарци започнува, развива и одржува соработка;
- посета на претставници на странски делегации и уреди на странски земји, меѓународни организации и други, претставници на странски амбасади или мисии во Република Македонија;
- посета на странски експерти ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;
- одржување на работни состаноци што ги свикува општина Кавадарци, а се присутни и претставници надвор од општината (инвеститори, коминтенти на општината, конференции за печат, работни состаноци на кои се присутни претставници од други државни органи, даватели или корисници на податоци, работа на проекти и слично);
- работна посета во странски држави за кои што е издаден патен налог за службено патување во странство;
- организирана посета на Единици на локална самоуправа, како и при посета на одредени културни манифестации надвор од Кавадарци за средби со коминтенти, инвеститори, бизнисмени и други;
- други случаи за потребите на Општина Кавадарци (по повод јубилеи, годишнини, празници и друго);
- работни средби за јакнење на капацитетите на членовите на Совет на општина Кавадарци и општинската администрација.

Направените издатоци за репрезентација корисниците се должни да ги потврдат со уредни и веродостојни документи (испратница, фактура, фискална сметка и сметкопотврда) да изврши нивна авторизација, како и да достават Известување за

реализирани издатоци за репрезентација на пропишан образец со податоци за настанот / поводот и бројот на гостите до архивата на општина Кавадарци.
**Име и презиме на овластено лиц**е од
Градоначалникот на Општина Кавадарци
______________________________

**Потпис**
____________________________________

**Број.________**
**______ 2018 година**
**Кавадарци**
**Прилог број 2**

ОБРАЗЕЦ ЗА
ЗА РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Јас ____________________________ вработена на работно место

__________________________ во Сектор
за____________________________________________

Во Општина Кавадарци ИЗВЕСТУВАМ дека на ден __________________ година

искористив средства за репрезентација во вкупен износ од __________________ денари ________________________ за службени потреби, поради

(со зборови)
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
__________________________ (да се наведе видот на службената работа)

Во прилог доставувам авторизирана фактура/фискална сметка/сметкопотврда/ со што ги потврдувам издатоците за реализирани средства за репрезентација.

**Име и презиме**
______________

**Потпис**

_____________

Име и презиме на овластено лице од
Градоначалникот на Општина Кавадарци

________________________________

Потпис

________________________________

Број.________ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
_____ 2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
Кавадарци м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на**
**Правилник за набавка, задолжување, користење и раздолжување со верна картичка во Општина Кавадарци**

**1. СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за набавка, задолжување, користење и раздолжување со верна картичка во Општина Кавадарци, **донесен на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.05.2018 година.**

2.Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-3121/25 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Службен гласник на општина Кавадарци“ број 8/05), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.05.2018 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА НАБАВКА, ЗАДОЛЖУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И РАЗДОЛЖУВАЊЕ СО ВЕРНА КАРТИЧКА ВО ОПОШТИНА КАВАДАРЦИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се определуваат начинот и постапката на:

- набавката на Верна картица;
- задолжувањето;
- користење на Верна картичка за потребите на Општина Кавадарци, и
- раздолжувањето.

Член 2

Верна картица преставува инструмент за безготовинско плаќање за набавени нафтени деривати и стоки согласно одредбите на договорот склучен со носителот на набавката.

Член 3

Градоначалникот на Општина Кавадарци издава писмено овластување за набавка и користење на Верна картичка за набавка на нафтени деривати и стоки согласно одредбите на договорот склучен со носителот на набавката за моторните возила на Општина Кавадарци или на лицата кои имаат овластување за користење на сопствено возило за службени цели.
Верна картичката има право да ја користи исклучиво лицето за кое има издадено писмено овластување од страна на Градоначалникот (во понатамошниот текст: овластено лице).

Член 4

Средствата за користење на Верна картичка за набавка на гориво се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци, Програма АО – Совет на

општина и ЕО Општинска администрација, расходна ставка 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт потставка 421410 Горива и масла.

## 2. НАБАВКА НА ВЕРНА КАРТИЦИ

Член 5

Верна картиците се набавуваат од носителот на набавката а во согласност со одредбите на склучениот договор.

Член 6

Преземањето на верна картиците од носителот на набавката се врши од лице овластено од градоначалникот, кој има обврска набавените верна картици да ги предаде на благајникот на општина Кавадарци.

Член 7

Набавените верна картици од носителот на набавката лицето овластено од градоначалникот ги предава во благајна, при што благајникот има обврска да води евиденција и да составува и авторизира каса прими (прилог 1) и благајнички извештај (прилог 2) (дневник на благајна) кој најмалку секој месец го проследува до одделението за сметководство и плаќање.

## 3. ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Член 8

Врз основа на приложено овластување од градоначалникот на општината, благајникот на општината ги задолжува лицата со верна картици во висина на вредноста на истите и даденото овластување од градоначалникот.

За издадените верна картици благајникот има обврска да води евиденција и да составува и авторизира каса исплати (прилог 3) и благајнички извештај (дневник на благајна) кој најмалку секој месец го проследува до одделението за сметководство и плаќање.

За секое лице кое е задолжено со верна картици одделението за сметководство има обврска да воспостави соодветна евиденција во деловните книги на општина Кавадарци.

## 4. КОРИСТЕЊЕ НА ВЕРНА КАРТИЦИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Член 9

Лицето кое е задолжено со верна картица при секое користење на истата на бензинските станици на носителот на набавката има обврска да се легитимира и да го приложи овластувањето од градоначалникот за правото на користење на Верна картичка.

Член 10

При секоја набавка на нафтени деривати и стоки согласно одредбите на договорот, овластеното лице од член 3 на оваа Одлука е должен да побара од овластеното лице на дистрибутивната мрежа (бензинската станица) на носителот на набавка при издавањето на фискалната сметка во сметкопотврдата да се внесат следните податоци:

- Вид количина и цена на нафтените деривати;
- Вид количина и цена на купените стоки;
- марка на возилото;
- регистарски број, и
- овластено лице / корисник.

## 5. РАЗДОЛЖУВАЊЕ

Член 11

Овластеното лице е должен фискалната сметка заедно со сметкопотврдата/испратница да ги авторизира и достави кај благајникот на општина Кавадарци.

При раздолжување овластеното лице од член 3 на овој правилник ги приложува фискалните сметки и патните налози (прилог 4) за користење на службеното возило.

Благајникот на општина врши обработка на доставените сметки и подготвува дневник на благајна кој го авторизира и еден примерок заедно со приложените докази за раздолжување ги доставува до одделението за сметководство и плаќање.

Во одделението за сметководство и плаќање се врши обработка на доставените податоци, истите се проследуваат до градоначалникот на општината или лице овластено од градоначалникот и по нивното одобрување истите се врши евидентирање на настанатите трансакции и соодветно раздолжување во висина на доставените уредни и веродостојни документи.

Доколку приложените документи се не уредни истите се враќаат за нивно докомплетирање.

Член 12

Овластеното лице за управување на моторното возило задолжително води дневен / месечен патен налог за користење на службеното возило, во кој треба да се внесат следните податоци:

- марка на возилото;
- почетна состојба на километража;
- регистарски број на моторното возило;
- корисник;
- лице задолжено за возилото;
- релација на движење;
- опис на активноста што се извршува.

Член 13

Овластеното лице за управување на моторното возило задолжително води дневна евиденција за изминати километри со службеното возило:

- се води за секое службено излегување со потпис на корисникот на службеното возило;
- корисникот на службеното возило ја запишува моменталната (крајна километража).

